МИТ УНИВЕРЗИТЕТ

www.mit.edu.mk

Национален координативен центар

за гранично управување

www.igu.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национален координативен центар за гранично управување
Бр. 36-257
02.11 2017 год.
СКОПЈЕ

МИТ Универзитет
Република Македонија
Бр. 0307 – 867
02-11. 2017 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ

## ЗА СОРАБОТКА И РАЗБИРАЊЕ

Склучен на ден 01.11.2017 година, помеѓу:

1. МИТ Универзитет – Скопје, бул. „Трета Македонска бригада“ 66а, Скопје, застапуван од ректорот, проф. д-р Маријан Стевановски, и
2. Национален координативен центар за гранично управување, застапуван од координаторот, д-р Владимир Пивоваров.

**Член 1**

Со овој меморандум за соработка се регулира соработката помеѓу горенаведените институции во поглед на:

- заедничка помош и поддршка при организирање на научно-стручни настани, обуки, семинари, курсеви, трибини, тркалезни маси, дебати, програми, проекти, научно-стручни конференции, истражувачки зафати и други облици на воспитно-образовна, научно-стручна и истражувачка дејност;
- изведување на практична настава на студентите од МИТ Универзитетот во Националниот координативен центар за гранично управување, како и давање можност за континуирана едукација на експертите од Националниот координативен центар за гранично управување преку предавањата и активностите на МИТ Универзитетот;
- учество на наставно-соработничкиот кадар од МИТ Универзитетот и стручните лица од Националниот координативен центар за гранично управување во форма на предавања, работилници и др. форми на научно-истражувачка и образовна дејност, на настани организирани од страна на двете институции и нивните партнерски организации;
- споделување, промовирање и втемелување на основните вредности и принципи на интеграцијата на граничното управување преку заеднички активности за

студентите на МИТ Универзитетот и стручните лица од Националниот координативен центар за гранично управување;

- иницирање, креирање и организирање на други дејности, насочени кон општата благосостојба на двете институции и други облици на соработка помеѓу нив, кои ќе ги утврдат заедно во иднина, со цел промовирање на дијалог, разбирање, интеркултурна соработка и комуникација.

**Член 2**

Договорните страни се согласни соработката да ја движат и реализираат во духот на нејзиното унапредување, практикувајќи ги најдобрите форми за нејзино изградување и надградување.

**Член 3**

Во рамките на имплементација на активностите, договорните страни се обврзуваат дека во текот на вклучување на сите учесници, на транспарентен начин ќе ги извршуваат планираните активности и ќе ги дискутираат сите прашања во врска со остварувањето на целите утврдени во Член 1 од Меморандумот.

**Член 4**

Меморандумот започнува да важи од денот на потпишувањето до 31.12.2018 година. По овој период, доколку двете страни немаат писмена белешка испратена до другата страна, тој автоматски ќе се продолжи и во наредната година.

**Член 6**

Меморандумот за соработка е склучен во 4 идентични примероци на македонски јазик, од кои по 2 примерока за секоја страна.

**Член 7**

Овој меморандум за соработка стапува на сила со денот на неговото потпишување.

| | |
|---|---|
| **МИТ УНИВЕРЗИТЕТ – Скопје** | **НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ** |
| **РЕКТОР** | **КООРДИНАТОР** |
| **проф. д-р Маријан Стевановски** | **д-р Владимир Пивоваров** |